КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-8/1
27.03.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 27.03.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на износот на дивиденда и датуми на исплата на дивиденда за 2023 година**

**Член 1**

Износот на дивиденда, согласно Предлог-одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2023 година, донесена од Надзорниот одбор на Банката на 20.02.2024 година, изнесува:

- за 1 обична акција бруто-износ од 910,00 денари, односно 91,0 % во однос на номиналната вредност од 1.000,00 денари.

За предложениот износ на дивидендата за 2023 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

**Член 2**

Собранието на акционерите на Комерцијална банка АД Скопје ќе се одржи на 27.03.2024 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2023 година, е 11.04.2024 година.

**Член 3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2023 година е 08.04.2024 година.

**Член 4**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2023 година е 09.04.2024 година.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда за 2023 година ќе започне на 25.04.2024 година.

**Член 6**

Дивидендата за 2023 година ќе се исплатува во готово.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Михајло Михајловски**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 03